Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8625/5
31 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**4005.**

Врз основа на член 138 став (2), член 140 став (10), член 142 став (5), член 144 став (4), 144-а став (5) и член 145 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 , 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23), министерот за здравство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА И ФАРМАЦИЈАТА**

Член 1

Во Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/21), во член 12 ставот 3 се менува и гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, доколку се јави неможност од реализација на планот за специјализација, односно супспецијализација како резултат од недостаток од ментори, за ментор може да се овласти и лице избрано во наставно-научно, или научно звање, кој е специјалист односно супспецијалист од истата специјалистичка, односно супспецијалистичка гранка за која специјалистот се усовршува со најмалку четири години специјалистички, односно супспецијалистички стаж во здравствената установа во која се спроведува секундарна или терциерна здравствена заштита, односно за ментор може да се овласти и лице избрано во соработничко звање асистент, кој е специјалист односно супспецијалист од истата специјалистичка, односно супспецијалистичка гранка за која специјалистот се усовршува со најмалку седум години специјалистички, односно супспецијалистички стаж во здравствена установа во која се спроведува секундарна или терциерна здравствена заштита. ”

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-8424/2
1 ноември 2023 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Fatmir Mexhiti**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**4006.**

Врз основа на член 60 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА РОДИТЕЛ КОЈ ИМА ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО**

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на парична помош на родител кој има дете со попреченост, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19 и 258/22), во член 3 во алинејата 1 по зборот „тешки“ се става запирка, а сврзникот „и“ се заменува со зборовите „потешки или“.

Во алинејата 2 по зборот „тешка“ се става запирка, а сврзникот „и“ се заменува со зборовите „потешка или“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4942/8
30 октомври 2023 година
Скопје

Министер за труд и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**4007.**

Врз основа на член 69 ставови (4) и (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе